# З А К О Н
# ЗА ЈАВЕН ДОЛГ
**(Неофицијален пречистен текст[1])**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредува/уредуваат управувањето со јавниот долг, намените на државниот долг, постапката и начините на задолжување, постапката на издавање, сервисирање и престанок на државни гаранции, како и информирањето за јавниот долг.

### Дефиниции

Член 2

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. Државен долг е збир на финансиски обврски создадени со задолжување на Република Северна Македонија, јавните установи основани од Република Северна Македонија и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, не вклучувајќи го долгот на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата, општините и на Народната банка на Република Северна Македонија;
2. Јавен долг е збир на државниот долг и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје;
3. Носители на јавен долг се Владата на Република Северна Македонија, јавните установи основани од Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје или градот Скопје;
4. Задолжување е постапка за создавање на финансиски обврски со склучување на договор за заем и/или издавање на должнички хартии од вредност издадени од државата или општината, општината во градот Скопје и Градот Скопје;
5. Краткорочно задолжување е задолжување со рок на достасување до една година;
6. Долгорочно задолжување е задолжување со рок на достасување од една година и подолг од една година;
7. Нето задолжување е разлика помеѓу ново акумулираниот долг и долгот кој доспева, во текот на една календарска година.
8. Препозајмување е постапка кога Владата на Република Северна Македонија средствата обезбедени со задолжување кај домашен или странски заемодавач ги позајмува на носители на јавен долг.
9. Сервисирање на долг се сите плаќања по основ на пристигната камата и главнина кои произлегуваат од долг создаден согласно одредбите од овој закон;

[1] Неофицијалниот пречистен текст ги вклучува основниот закон објавен во Сл.Весник бр.62/05 и сите негови подоцнежни измени објавени во Сл. Весник бр.88/08, 35/11, 139/14, 98/19, 151/21 и 12/25.

10. Други трошоци претставуваат трошоци кои директно или индиректно произлегуваат од задолжувањето на носителите на јавен долг, а не претставуваат главнина или редовна камата;

11. Рефинансирање е задолжување заради обезбедување на средства за плаќање на постоен јавен долг;

12. Репрограмирање е менување на условите и/или на структурата на постоен јавен долг, без создавање на ново задолжување;

13. Државна гаранција е потенцијална обврска за плаќање преземена од Република Северна Македонија во име на носителот на јавен долг за чија сметка е издадена гаранцијата и

14. Агент е финансиска институција од земјата или од странство која во име и за сметка на Министерството за финансии може да извршува определени работи утврдени со овој закон.

Член 3

Носителите на јавниот долг се задолжуваат во согласност со критериумите и постапките утврдени со овој закон.

Член 4

(1) Задолжувањето на општините, јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се врши во согласност со овој закон и со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

(2) Задолжувањето на општините во градот Скопје, градот Скопје, јавните претпријатија основани од општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините во градот Скопје и градот Скопје се врши во согласност со овој закон, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и со Законот за градот Скопје.

(3) Сервисирањето на долгот и другите трошоци настанати со задолжување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје го вршат општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 5

Долгот на Народната банка на Република Северна Македонија не претставува јавен долг.

Член 6

Сите финансиски обврски кои се преземени од резиденти на Република Северна Македонија, кои не се носители на јавен долг, претставуваат приватен долг.

Член 6-а

(1) Постапката за задолжување пропишана со овој закон не се применува:

- при користење на акредитиви, банкарски гаранции и/или лизинг,
- при краткорочно задолжување за ликвидносни потреби на Македонска банка за поддршка на развојот,
- при задолжување без државна гаранција на јавните претпријатија основани од државата, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата.

(2) За секој склучен договор од ставот 1, носителите на јавен долг имаат обврска да го информираат Министерството за финансии во рок од пет работни дена.

## II СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВЕН ДОЛГ

### Член 7

(1) Управувањето со јавен долг претставува збир на мерки и активности кои Министерството за финансии ги презема во рамките на надлежностите определени со овој или друг закон.

(2) Цели на управувањето со јавниот долг се:

- финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок, на среден и долг рок, и со одржливо ниво на ризик;
- идентификација, следење и управување со ризиците на кои подлежи портфолиото на јавниот долг и
- развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.

(3) Министерството за финансии изготвува Стратегија за управување со јавен долг за среднорочен период од три години.

(4) Стратегијата за управување со јавен долг вклучува утврдување на:

- висината на износот (лимитот) на јавниот долг на среден рок;
- максималниот износ на нето задолжување во првата година за која се однесува стратегијата;
- максималниот износ на новоиздадени државни гаранции во првата година за која се однесува стратегијата и
- структурата на државниот долг.

(5)Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за финансии ја донесува стратегијата за управување со јавен долг најдоцна до 31 мај во тековната година за наредниот тригодишен период.

### Член 8

(1) Лимитот на јавниот долг се утврдува врз основа на односот на јавниот долг и бруто домашниот производ.

(2) Износот на јавниот долг што е деноминиран во странска валута се пресметува во денари по средниот курс на валутата од официјалната курсна листа на Народната банка на Република Северна Македонија што важи на денот на пресметката.

(3) Долгот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје не претставува обврска на Буџетот на Република Северна Македонија, освен во случаи кога се издава државна гаранција.

### Член 9

Лимитот на јавниот долг не претставува ограничување за редовно сервисирање на јавниот долг.

Членот 10 е избришан.

Член 11

(1)Министерството за финансии во управувањето со јавниот долг, ги има следниве надлежности:

- го предлага изворот и структурата на задолжувањето за финансирање на буџетскиот дефицит;
- презема активности поврзани со редовно сервисирање на државниот долг;
- го следи редовното сервисирање на јавниот долг од страна на носителите на јавниот долг;
- презема мерки за наплата на побарувањата од носителите на јавниот долг во чие име е извршено плаќање по активирана гаранција, односно договор за заем;
- презема мерки во однос на лимитот на јавниот долг;
- подготвува годишен извештај за управување со јавниот долг;
- изготвува и објавува Календар на планирани емисии на државни хартии од вредност за тековната година;
- организира и врши издавање на државни хартии од вредност во име на Република Северна Македонија;
- ги евидентира издадените државни хартии од вредност и создава услови за развој на секундарниот пазар;
- утврдува критериуми за избор и избира овластени учесници на пазарот на државни хартии од вредност;
- презема активности за минимизирање на трошокот за сервисирање на државниот долг и издадените државни гаранции;
- презема активности за намалување на ризикот поврзан со структурата на јавниот долг и државните гаранции;
- употребува деривативни финансиски инструменти со цел за отстранување или намалување на финансиските ризици;
- ја следи состојбата на единствената трезорска сметка и управува со вишокот на средства на истата;
- ја следи состојбата на девизните сметки на државата кои се отворени и се водат во Народната банка на Република Северна Македонија и управува со вишокот на средства на сметката на Министерството за финансии;
- склучува договори за реализирање на надлежностите утврдени со овој закон;
- учествува во постапката на задолжување на носителите на јавен долг освен во случај кога долгот не е гарантиран од државата и
- дава препораки на носителите на јавниот долг по однос на условите за задолжување во случај на финансирање на проекти за кои е потребно задолжување.

(2) Министерството за финансии во управувањето со јавниот долг ги има и следниве надлежности, кои може да ги пренесе на Агент:

- води Регистар за јавниот долг,
- води Регистар за издадените државни гаранции,
- спроведува активности кои се однесуваат на примарниот пазар на државни хартии од вредност,
- контролира дали овластените учесници на пазарот на државни хартии од вредност ги исполнуваат критериумите за оцена и избор на овластени учесници на пазарот на државни хартии од вредност,
- управува со пласманот на средства обезбедени со задолжување на Република Северна Македонија,
- управува со девизните сметки на државата и

- управува со репласманот на средствата од револвинг фондовите создадени преку задолжување на Република Северна Македонија.

(3) Содржината, начинот на водење и користењето на податоци од Регистарот за јавниот долг и од Регистарот за издадените државни гаранции ги пропишува министерот за финансии.

(4) Надлежностите од ставот (2) на овој член, Министерството за финансии ги пренесува на Агентот со склучување на Договор за агент.

## III ДРЖАВЕН ДОЛГ

### **Намени и третман на државниот долг**

Член 12

(1) За извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, Министерството за финансии
во име на Република Северна Македонија може да се задолжи до максимален износ потребен за финансирање на буџетскиот дефицит и рефинансирање на обврските од државниот долг за тековната и наредните две фискални години, утврден во Буџетот на Република Северна Македонија и фискалната стратегија.

(2) Државниот долг се создава и користи за:
- финансирање на проекти и инвестиции,
- поддршка на платниот биланс на земјата,
- поддршка на девизните резерви на Република Северна Македонија,
- поттикнување на развојот на финансиските пазари во Република Северна Македонија,
- финансирање на буџетскиот дефицит,
- привремено финансирање на ликвидноста поврзана со готовински текови,
-рефинансирање на обврските кои произлегуваат од државниот долг, вклучително и предвремена отплата на долг пред датумот на доспевање, и/или предвремен откуп на должнички хартии од вредност издадени од државата,
- препозајмување (он-лендинг) на носителите на јавен долг,
- финансирање на превземени обврски од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје,
- плаќање по основа на издадени државни гаранции и
- заштита или отстранување на ефектите предизвикани од природни непогоди и од еколошки катастрофи.

(3) Проектите предложени за финансирање од ставот (2) алинеја 1 на овој член, треба да ги исполнат следниве критериуми:
- усогласеност со стратешките документи на Владата на Република Северна Македонија, и
-носителите на јавниот долг да обезбедат средства за кофинансирање заради непречена реализација на проектот.

Член 13

(1) Побарувањата на доверителите по државниот долг претставуваат приоритетна обврска на Буџетот на Република Северна Македонија за редовно сервисирање со исклучок на долгот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Сите финансиски обврски од став (1) на овој член имаат еднаков третман.

Член 14

(1) Во Буџетот на Република Северна Македонија се утврдуваат и долгорочните права за трошење во наредните фискални години.

(2) Износот на потребните средства за долгорочните права на трошење се утврдува врз основа на преземените обврски по основа на склучени договори за заем, преземени обврски по основа на кофинансирање, одлуки за издавање на државни хартии од вредност и обврски по однос на членство на Република Северна Македонија во меѓународни финансиски институции.

Член 15

Задолжувањето може да се изврши во земјата и во странство и може да биде изразено во домашна и во странска валута.

**Задолжување со склучување на договор за заем**

Член 16

(1) Во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија.

(2) Постапката за задолжување носителите на законодавната, судската и извршната власт ја започнуваат со иницијатива за задолжување до Владата на Република Северна Македонија која задолжително содржи мислење од Министерството за финансии.

(3) Постапката за задолжување јавните установи основани од Република Северна Македонија и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје ја започнуваат со согласност на Министерството за финансии.

(4) За добивање на согласноста од ставот (3) на овој член, јавните установи основани од Република Северна Македонија и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје до Министерството за финансии поднесуваат:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето;
- барање за задолжување кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на јавните установи основани од Република Северна Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(5) Согласноста за задолжување од став (3) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.

(6) Во постапката за задолжување од став (2) на овој член задолжително учествуваат претставници од Министерството за финансии и други овластени претставници од Владата на Република Северна Македонија.

(7) Носителите од ставовите (2) и (3) од овој член склучуваат договор за заем, по донесување на посебен закон за секое ново задолжување кај странски заемодавачи.

(8) За секое ново задолжување на носителите од ставот (2) од овој член кај странски заемодавачи, Министерот за правда издава правно мислење за правната важност на договорт за заем.

(9) Носителите од ставовите (2) и (3) од овој член склучуваат договор за заем, по донесување на одлука од Владата на Република Северна Македонија, за секое ново задолжување кај домашни заемодавачи.

(10) Формата и содржината на барањето за задолжување од став (4) алинеја 2 на овој член ќе ги пропише министерот за финансии.

Член 17

(1) Владата на Република Северна Македонија средствата обезбедени со договор за заем може да ги препозајми само на носители на јавен долг (on-lending).

(2) Во случај на задолжување од ставот 1 на овој член општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје започнуваат постапка за задолжување кај државата согласно членот

16 од овој закон, а јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје започнуваат постапка за задолжување кај државата согласно членовите 25-а и 25-б од овој закон.

(3) Финансиските услови за препозајмување на средствата ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

(4) Министерот за финансии во име на Владата на Република Северна Македонија склучува договор за препозајмување со носителите на јавен долг, во кој се дефинираат условите под кои се позајмуваат средствата од заемот.

(5) Во случај кога носителите на јавен долг нема да извршат навремено плаќање на обврските кои произлегуваат од договорот од ставот (4) на овој член, Министерството за финансии има право на наплата на побарувањето кое вклучува главнина, камата, казнена камата и други трошоци.

(6) Доколку заемот е доделен на општина, општина во градот Скопје, градот Скопје, јавно претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговско друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, Министерството за финансии за наплата на побарувањето од ставот (5) на овој член, има право:

- да насочи средства од буџетската сметка на општината на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, до износ потребен за наплата на побарувањето и/или
- да задржи дел од дотациите кои треба да се распределат на општината, до износ потребен за наплата на побарувањето.

(7) Министерот за финансии има право на преземање дополнителни мерки за наплата на износот од ставот (5) на овој член предвидени во договорот од став (4) на овој член, како и други мерки во согласност со закон.

**Задолжување со издавање на државни хартии од вредност**

Член 18

(1) Задолжувањето со издавање на државни хартии од вредност се врши со емисија на краткорочни и долгорочни хартии од вредност.

(2) Државните хартии од вредност можат да гласат во домашна валута со или без девизна клаузула или во странска валута.

(3) Државните хартии од вредност можат да се емитуваат на домашен или на меѓународен пазар на капитал.

(4) Државните хартии од вредност во име на Република Северна Македонија, на домашниот финансиски пазар ги издава Министерството за финансии врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, со која се утврдува максималниот износ на нето задолжување преку државни хартии од вредност.

(5) Државните хартии од вредност во име на Република Северна Македонија, на меѓународниот финансиски пазар ги издава Министерството за финансии врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, со која се утврдува максималниот износ на ново задолжување преку државни хартии од вредност.

(6) Министерот за правда издава правно мислење за правната важност на издавањето на хартии од вредност на меѓународниот финансиски пазар.

(7) Начинот и постапката за издавање и исплата на државните хартии од вредност на домашниот финансиски пазар ги пропишува министерот за финансии.

(8) Изборот на институција за порамнување и утврдување на примарната емисија на државни хартии од вредност го врши министерот за финансии.

(9) Министерот за финансии склучува договори со овластени учесници на пазарот на државни хартии од вредност.

Член 19

(1) Депозитарот за хартии од вредност води Регистар на сопственици на државните хартии од вредност.

(2) Депозитарот за хартии од вредност го избира министерот за финансии.

(3) Регистрираниот сопственик на државни хартии од вредност ги има сите права кои произлегуваат од правото на сопственост на државните хартии од вредност.

(4) Сите државни хартии од вредност се издаваат во дематеријализирана форма.

Член 20

(1) Министерството за финансии има право во секое време да изврши откуп на државните хартии од вредност пред рокот на нивното достасување, во зависност од видот и карактеристиките на државните хартии од вредност.

(2) Министерот за финансии донесува одлука за вршење на предвремениот откуп од ставот (1) на овој член.

(3) Министерството за финансии јавно објавува покана за учество на предвремениот откуп од ставот (1) на овој член.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, Министерството за финансии до имателите на државни хартии од вредност не доставува покана за учество на предвремен откуп, доколку во самиот документ за емисија се предвидува правото Министерството за финансии во секое време да изврши предвремен откуп под услови дефинирани во документот.

(5) Министерството за финансии јавно го објавува предвремениот откуп од ставот (4) на овој член.

(6) Министерот за правда издава правно мислење за правната важност на предвремениот откуп на државни хартии од вредност на меѓународниот финансиски пазар.

**Задолжување со издавање на хартии од вредност од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје**

Член 20-а

(1) Постапката за задолжување со издавање на хартии од вредност, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје ја започнуваат со согласност на Министерството за финансии.

(2) За добивање на согласноста од став (1) на овој член, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје до Министерството за финансии поднесуваат:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето и

- барање за задолжување кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје од член 16 од овој закон.

(3) Согласноста за задолжување од став (1) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.

(4) За задолжување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје преку издавање на хартии од вредност на домашен финансиски пазар, Владата на Република Северна Македонија донесува одлука со која се одобрува максималниот износ на ново задолжување на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје преку издавање на хартии од вредност, по донесувањето на актот за одобрување на емисијата на хартии од вредност од страна на Комисијата за хартии од вредност.

(5) За задолжување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје преку издавање на хартии од вредност на меѓународен финансиски пазар, Владата на Република Северна Македонија донесува одлука со која се одобрува максималниот износ на ново задолжување на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје преку издавање на хартии од вредност, по донесувањето на актот за одобрување на емисијата на хартии од вредност од страна на надлежното регулаторно тело.

**Државни гаранции**

Член 21

(1) Во име на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија може да издаде државна гаранција при задолжување на носителите на јавен долг.

(2) Проектите за чие финансирање се бара издавање на државна гаранција потребно е да ги исполнат следниве критериуми:

- усогласеност со стратешките документи на Владата на Република Северна Македонија,
- обезбедени средства за кофинансирање заради непречена реализација на проектот.

(3) Министерството за финансии ја проценува кредитната способност на носителот на јавен долг кој бара издавање на државна гаранција врз основа на анализа на финансиската состојба и нејзините изгледи во текот на гарантираниот период, која вклучува анализа на показатели за ликвидност, солвентност и профитабилност на јавните претпријатија и трговските друштва и показатели за буџетското и финансиското работење на општините и јавните установи основани од Република Северна Македонија.

(4) Министерот за финансии поблиску го пропишува начинот на вршење на анализата на податоците доставени од страна на носителот на јавен долг, примената и вреднувањето на финансиските показатели од ставот (3) на овој член.

(5) По исклучок на став (3) од овој член, кога носителот на јавен долг нема да го исполни критериумот за кредитоспособност, Владата на Република Северна Македонија може да издаде државна гаранција на носители на јавен долг за проекти кои ќе бидат утврдени како стратешки, по барање на носителот на јавен долг.

Член 22

(1) Носителите на јавниот долг започнуваат постапка за задолжување обезбедена со државна гаранција согласно член 16, 20-а и 25 од овој закон.

(2) Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на државна гаранција или гарантно писмо кон странски заемодавачи, како и договор за обезбедување на државната гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесен закон за издавање на државна гаранција.

(3) Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии потпишува договор за издавање на државна гаранција или гарантно писмо кон домашни заемодавачи, како и договор за обезбедување на државната гаранција со субјектот во чие име е издадена, по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија.

(4) Министерот за правда издава правно мислење за правната важност на издадената гаранција од ставот (2) од овој член.

Член 23

(1) Сервисирањето на долгот гарантиран од Република Северна Македонија и/или плаќањето на другите трошоци ги врши носителот на јавниот долг во чие име е издадена државна гаранција.

(2) Доколку носителот на јавниот долг, во чие име е издадена државна гаранција, не изврши сервисирање на долгот и/или не го изврши плаќањето на другите трошоци од ставот (1) на овој член на датумот на нивното достасување, Министерството за финансии, во име на Република Северна Македонија, врши плаќање на пристигнатата обврска по основ на државна гаранција.

(3) Во случај Министерството за финансии, во име на Република Северна Македонија, да изврши плаќање на обврската по државна гаранција, Министерството за финансии има право на наплата на побарувањето кое вклучува главнина, камата, казнена камата и други трошоци настанати заради неможност на носителот на јавниот долг во чие име е издадена државната гаранција да изврши сервисирање на долгот и/или другите трошоци од ставот (1) на овој член на датумот на нивното достасување.

(4) Носителот на јавниот долг, во чие име е издадена државна гаранција, е должен во рокот предвиден со договорите од членот 22 ставови (2) и (3) на овој закон, средствата кои се платени по основ на државна гаранција од страна на Министерството за финансии, да ги уплати во корист на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

(5) Обврската од ставот (4) на овој член е безусловна и неотповиклива.

(6) Доколку носителот на јавниот долг, во чие име е издадена државна гаранција, е општина, општина во градот Скопје и градот Скопје, јавно претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговско друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, Министерството за финансии, за наплата на побарувањето од ставот (3) на овој член, има право:

- да насочи средства од буџетската сметка на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, до износ потребен за наплата на побарувањето и/или

- да задржи дел од дотациите кои треба да се распределат на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, до износ потребен за наплата на побарувањето.

(7) Министерот за финансии има право на преземање дополнителни мерки за наплата на износот од ставот (3) на овој член предвидени во договорот за обезбедување од членот 22 ставови (2) и (3) на овој закон.

Член 24

(1) Издадена државна гаранција престанува да важи во случај кога:

- во целост се намирени обврските по долгот гарантиран од Република Северна Македонија најдоцна до датумот на достасување или

- е изминат рокот на важност на издадената државна гаранција утврден во договорот за издавање на државна гаранција.

(2) Министерството за финансии го евидентира и документира престанокот на важењето на издадената државна гаранција.

**Забрана за задолжување**

Член 24-а

(1) Јавните претпријатија основани од државата, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата и јавните установи основани од Република Северна Македонија, не можат да започнат со постапка за задолжување од денот

на донесувањето на одлуката за распишување на парламентарни избори до завршувањето на изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

(2) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, не можат да започнат со постапка за задолжување од денот на донесувањето на одлуката за распишување на локални избори до завршувањето на изборот на градоначалник или членови на советот.

Член 24-б

Доколку носителот на јавен долг има ненамирени обврски кон државата по основ на државна гаранција, заем, краткорочна и/или долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Северна Македонија истиот не може да добие согласност за ново задолжување согласно овој закон, се до моментот на регулирање на пристигнатата обврска.

## IV ДОЛГ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА КОИ СЕ ВО ЦЕЛОСНА ИЛИ ВО ДОМИНАНТНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРЖАВАТА, ОПШТИНИТЕ, ОПШТИНИТЕ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ И ГРАДОТ СКОПЈЕ

### Долг со државна гаранција

Член 25

(1) Јавното претпријатие основано од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје може долгорочно да се задолжува со издавање на државна гаранција за:

- финансирање на капитални проекти и инвестиции,
- рефинансирање на долговите настанати по основ на задолжување од алинејата 1 на овој став,
- финансирање на превземени обврски и
- заштита и отстранување на последици предизвикани од природни непогоди и од еколошки катастрофи.

(2) Постапката за задолжување со издавање на државна гаранција јавното претпријатие основано од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје ја започнува со согласност на Министерството за финансии.

(3) За добивање на согласноста од ставот (2) на овој член, јавното претпријатие основано од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје до Министерството за финансии поднесува:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето; и
- барање за задолжување со издавање на државна гаранција кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на јавното претпријатие основано од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(4) Формата и содржината на барањето за задолжување со издавање на државна гаранција од став (3) алинеја 2 на овој член ќе ги пропише министерот за финансии.

(5) Согласноста за задолжување од став (2) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.

(6) Во постапката за задолжување со издавање на државна гаранција задолжително учествуваат претставници од Министерството за финансии и други овластени претставници од Владата на Република Северна Македонија.

(7) Договорот за заем се склучува по донесување на посебен закон за секое задолжување со издавање на државна гаранција кај странски заемодавачи, односно по донесување на одлука од Владата на Република Северна Македонија за секое задолжување со издавање на државна гаранција кај домашни заемодавачи.

(8) Сервисирањето на заемот и плаќањето на другите трошоци настанати со задолжување на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, го вршат јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**Долг без државна гаранција**

Член 25-а

(1) Јавното претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, може долгорочно да се задолжува без издавање на државна гаранција за:

- финансирање на капитални проекти и инвестиции,
- рефинансирање на долговите настанати по основ на задолжување од алинејата 1 на овој став,
- финансирање на превземени обврски и
- заштита и отстранување на последици предизвикани од природни непогоди и од еколошки катастрофи.

(2) Постапката за задолжување без издавање на државна гаранција јавното претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, ја започнува со согласност на Министерството за финансии.

(3) За добивање на согласноста од ставот (2) на овој член, јавното претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, до Министерството за финансии поднесува:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето и
- барање за задолжување без издавање на државна гаранција кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на јавното претпријатие основано од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(4) Формата и содржината на барањето за задолжување од ставот (3) алинеја 2 на овој член ќе ги пропише министерот за финансии.

(5) Согласноста за задолжување од став (2) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.

(6) Сервисирањето на заемот и плаќањето на другите трошоци настанати со задолжување на јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, го вршат јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**Долг кај државата со препозајмување (on-lending)**

Член 25-б

(1) Постапка за задолжување кај државата со препозајмување јавното претпријатие основано од државата, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата започнува со согласност на Министерството за финансии.

(2) За добивање на согласноста од ставот (1) на овој член, јавното претпријатие основано од државата, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата, до Министерството за финансии поднесува:

- Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето и
- барање за задолжување кое содржи податоци за проектот и податоци за финансискиот капацитет на јавното претпријатие основано од државата, како и трговското друштво кое е во целосна или во доминантна сопственост на државата.

(3) Формата и содржината на барањето за задолжување од ставот (2) алинеја 2 на овој член ќе ги пропише министерот за финансии.

(4) Согласноста за задолжување од став (1) на овој член има важност за календарската година во која е издадена.

(5) Сервисирањето на заемот и плаќањето на другите трошоци настанати со задолжување на јавните претпријатија основани од државата, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата, го вршат јавните претпријатија основани од државата, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата.

**Долг на Развојната банка на Северна Македонија од Буџетот на Република Северна Македонија**

Член 25-в

(1) За реализација на проекти и/или програми на Владата на Република Северна Македонија, на Развојната банка на Северна Македонија може да и се одобри заем од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) За одобрување на заемот од ставот (1) на овој член, претходно треба да бидат обезбедни средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

(3) Развојната банка на Северна Македонија за одобрување на заемот од ставот (1) на овој член до Министерството за финансии доставува барање со предлог Одлука за задолжување која задолжително треба да содржи износ и цел на задолжувањето.

(4) Во име на Владата на Република Северна Македонија, министерот за финансии потпишува Договор за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија, по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија.

(5) Сервисирањето на заемот и плаќањето на другите трошоци настанати со задолжувањето на Развојната банка на Северна Македонија го врши Развојната банка на Северна Македонија, согласно со Договорот од ставот (4) на овој член.

## V ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЈАВНИОТ ДОЛГ

### Член 26

(1) Сите носители на јавниот долг, освен општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, се должни до Министерството за финансии да доставуваат најдоцна до петнаесеттиот ден од месецот месечна информација за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот месец.

(2) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се должни до Министерството за финансии најдоцна 30 дена по завршувањето на кварталот да доставуваат квартални информации за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и за промените на состојбата на издадените гаранции.

(3) Информациите на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје од ставот (2) на овој член, задолжително треба да содржат и податоци за долгот на јавните претпријатија основани од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(4) Министерот за финансии поблиску ги пропишува видовите и содржината на информациите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(5) Министерот за финансии може да побара дополнителни информации за секое задолжување, по кое барање носителите на јавниот долг мораат да се произнесат најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на истото.

## VI ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЈАВНИОТ ДОЛГ

### Член 27

(1) Годишниот извештај за управување со јавниот долг се разгледува од страна на Владата на Република Северна Македонија и се поднесува за информирање до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30-ти јуни наредната година.

(2) Податоците за јавниот долг, Министерството за финансии квартално ги објавува на својата веб страница.

## VII ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 28

(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на јавното претпријатие или трговското друштво - носител на јавен долг за сторен прекршок, доколку:

- не поднесе информација до Министерството за финансии согласно со членовите 6-а став (2) и 26 од овој закон и

- не ги уплати средствата во корист на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија согласно со членот 23 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на носителот на јавен долг за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 28-а

(1) Глоба во износ од 15.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на јавното претпријатие или трговското друштво - носител на јавен долг за сторен прекршок доколку:

- започне преговори за задолжување без согласност на Министерството за финансии (член 25, 25-а и 25-б);

- започне постапка за задолжување спротивно на членот 24-а и 24-б од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице на носителот на јавен долг за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице, покрај глобата, може да му се изрече и забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една година.

Член 29

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра, во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на одговорното, односно раководното лице на носителот на јавен долг за сторен прекршок, доколку:

- не поднесе информација до Министерството за финансии (член 6-а став (2) и член 26), и

- не ги уплати средствата во корист на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија (член 23 став (4)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра, во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на одговорното, односно раководното лице на носителот на јавен долг за сторен прекршок, доколку:

- започне преговори за задолжување, без претходна согласност на Министерството за финансии (членови 16 и 20-а), и

- започне постапка за задолжување спротивно на членовите 24-а и 24-б од овој закон.

Член 29-а

(1) За прекршоците пропишани со овој закон, пред поднесување на Барање за прекршочна постапка се спроведува постапка за спогодување, согласно со Законот за прекршоците.

(2) За прекршоците пропишани со овој закон, прекршочната постапка ја води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

## VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 30

(член 30 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005)

(1) Министерот за финансии во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе прописите предвидени со овој закон.

(2) Одредбите од членот 11 став (2) алинеи 1 и 2 на овој закон ќе се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 31
(член 31 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија“ бр.62/2005)

Задолжувањето со склучување на договор за заем, задолжувањето со издавање на државни хартии од вредност и издавањето, сервисирањето, правото на наплата и престано - кот на државни гаранции започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите на овој закон.

Член 32
(член 28 од Законот објавен во „Службен весник на
Република Македонија“ бр.139/14)

Постапките за задолжување и постапките за издавањето, сервисирање, правото на наплата и престанокот на државни гаранци започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите на овој закон.